Архивски број: 08-109/10
06-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-109 од 15.02.2022 година, поднесена од Здружение за сексуални и родови малцинства „Субверзивен Фронт“ против Стојанчо Миров, за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 06.06.2022 години, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од Стојанчо Миров, врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## О б р а з л о ж е н и е

На 15.02.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на Здружение за сексуални и родови малцинства „Субверзивен Фронт“ против Стојанчо Миров, за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека Стојанчо Миров во два наврати, на социјалнита мрежа “Facebook” објавил коментари со вознемирувачка содржина.
Наведена е објава од профилот на Субверзивен фронт : „Како е да се биде ЛГБТИ во Вашата земја? ЛГБТИ луѓето од С. Македонија се поканети да учествуваат во најголемото истражување спроведно во нашата земја. Истражувањето ќе биде значаен преглед на економската цена на исклучувањето засновано на сексуална ориентација и родов идентитет. Целосно е анонимно и безбедно. Вашиот придонес е многу важен и ќе придонесе за позитивни промени во нашата земја!“, на која Стојанчо Миров од својот профил напишал коментар: „Аман бе од кај толку пари за цело време од различни профили да излегува спонзорирано..дај изгубете се еднаш од Македонија одете на друго место целата ваша организација да не ве гледаме тука..“.

Втората објава е од профилот на STAR – The First Sex Workers Collective in the Balkans: „ Како е да се биде ЛГБТИ во Вашата земја? ЛГБТИ луѓето од С. Македонија се поканети да учествуваат во најголемото истражување спроведно во нашата земја. Истражувањето ќе


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

биде значаен преглед на економската цена на исклучувањето засновано на сексуална ориентација и родов идентитет. Целосно е анонимно и безбедно. Вашиот придонес е многу важен и ќе придонесе за позитивни промени во нашата земја!", на која Стојанчо Миров од својот профил напишал коментар: „За какви ли лгбт ми зборувате??? Ова што го гледам е понижување за човекот.."

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 24.02.2022 година испрати Известување бр. 08-109/4, на ден 18.04.2022 година испрати Известување бр. 08-109/6 и на ден 23.05.2022 година испрати Известување бр. 08-109/8 за произнесување по наводите од претставката до Стојанчо Миров.

На 27.05.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Стојанчо Миров како одговор на претставката. Во одговорот потенцијалниот дискриминатор наведува дека со објавувањето на посочените коментари немал намера никого да навреди и воедно упатува извинување кон оние кои се чувствуваат навредено.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и содржината на приложените објави, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Стојанчо Миров со објавување на горенаведените коментари на социјалната мрежа "Facebook", кои продуцираат вознемирувачка содржина, сторил вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентите во област на јавно информирање и медиуми спрема ЛГБТИ+ заедницата.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Стојачно Миров во иднина да се воздржи од објавување вознемирувачки коментари и коментари кои повикуваат, поттикнуваат и инструираат дискриминација на социјалните мрежи врз било која дискриминаторска основа од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
06.06.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
-Стојанчо Миров - ООУ Димитар Македонски, со адреса ул. Ѓуро Малешевац бр. 2, 1000 Скопје
-Здружение за сексуални и родови малцинства „Субверзивен Фронт" со адреса на бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 19/5-28, 1000 Скопје